Врз основа на чл. 66 од Законот за високото образование, Деканатската управа при Технички факултет - Битола, на ден 24.08.2010 год. донесе

# О Д Л У К А

за услови за упис на зимски семестар за студенти по ЕКТС

во ак. 2010/2011 год., прв циклус студии

1. Уписот на зимски семестар во ак. 2010/2011 год. за студентите запишани по ЕКТС ќе се врши:

- При уписот, администраторот по ЕКТС проверува дали за предметот кој се запишува во зимски семестар се исполнети предуслови предвидени во елаборатот за студиската програма. Предуслов за запишување на предмет претставува прослушан предмет кој е предуслов.

Студентите кои веќе ги прослушале предвидените семестри ќе регистрираат статус на студент со презапишување на трета односно четврта година со запишување на преостанатите предмети.

- студентите кои регистрираат статус на студент, а им преостанал само самостојниот проект, го презапишуваат само самостојниот проект без надоместок;

- студентите кои предвремено ги завршуваат испитите, како и оние на кои им преостанале помалку од 42 кредити, можат да го запишат и самостојниот дипломски проект заедно со предметот кој е услов за самостојниот проект;

- Референтот по студентски прашања задолжително проверува дали пријавените предмети во пријавниот лист се идентични со предметите во индексот, задолжително повлекува линија после последниот пријавен предмет, проверува дали студентот е во државна квота или во квота со кофинансирање и става потпис и печат.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.02-_______
24.08.2010
Б и т о л а

Деканатска управа
Декан

Ред. проф. д-р Весна Микаровска